**Abstract:** This paper reviews the issue of adolescent literature. However, when someone mentions "youth literature", the following questions are immediately asked: what is children literature, what is youth literature, is there a hybrid genre as a children and youth literature or should these genres be distinguished according to some characteristics, what is the difference between them, is there any difference, if the name refers to the age difference of the literature consumers, then what is/are the boundaries etc…? Firstly, it seems that the age group regarding this literature should be defined. A lot of theoreticians have written about this, but it seems that consensus has not been reached considering this issue. There are always pros and cons. For this purpose, the author of the paper pays attention to researches from numerous eminent names, theoreticians of children and youth literature. There have been a lot of debates regarding this issue as well, such as whether there is a standardized genre or category which encompasses many genres, how is it defined, which are its characteristics, whether the literal or pedagogical value is dominant etc. These debates may have hindered the development of youth literature in the past; however, the increasing number of popular youth novels indicates the fact that the youth literature has still an opportunity for improvement.

**Key words:** adolescent literature, young adult literature.

# ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА АДОЛЕСЦЕНТСКАТА ЛИТЕРАТУРА ДЕНЕС

**Проф. д-р Јованка Денкова**

**Универзитет „Гоце Делчев"– Штип, Република Македонија jovanka.denkova@ugd.edu.mk**

**Резиме:** Во овој труд се разгледува прашањето за адолесцентската литература. Инаку, кога некој ќе ни спомне „книжевност за млади", веднаш се поставуваат прашања од типот: што е книжевност за деца, а што книжевност за млади, дали постои некој хибриден жанр како книжевност за деца и млади, или треба да се разграничат според некои карактеристики, која е разликата меѓу нив, дали воопшто постои разлика, ако називот се однесува на возрасната разлика на консументите на оваа литература, тогаш која/кои се границите, итн...? Се чини дека најпрвин, треба да се утврди на која возрасна група се однесува оваа литература. Многумина теоретичари пишувале за ова, и се чини дека нема консензус по ова прашање. Секогаш постојат аргументи и контра-аргументи. За таа цел, авторот на трудот се осврнува кон искажувања на бројни еминентни имиња, теоретичари на книжевноста за деца и млади. Имало, и ќе има многу дебати околу тоа, дали се работи за стандардизиран жанр или категорија која опфаќа повеќе жанрови, како да се дефинира, кои се нејзините одлики, дали кај неа преовладува литературната или педагошката вредност, итн. Овие дебати можеби го попречуваа развојот на книжевноста за млади во

минатото, меѓутоа сè поголемиот број на популарни романи за млади, укажува на фактот дека книжевноста за млади сè уште има шанса за напредок.

**Клучни зборови:** адолесцентска литература, литература за млади.

## 1. ВОВЕД

„*Маргарита имаше крупни црни очи. Во нив беше преместено сето езеро, и сонцето, и летувалиштето, и...Што се случува со мене, како да сум маѓепсан*?

(„Втората смена“ од Велко Неделковски)

Ако некој ни спомне „книжевност за млади“, веднаш се поставуваат прашања од типот: што е книжевност за деца, а што книжевност за млади, дали постои некој хибриден жанр како книжевност за деца и млади, или треба да се разграничат според некои карактеристики, која е разликата меѓу нив, дали воопшто постои разлика, ако називот се однесува на возрасната разлика на консументите на оваа литература, тогаш која/кои се границите, итн...?

Факт е дека во современата македонска книжевност за деца, не постојат многу автори кои пишуваат за овие читатели. Сепак, во последно време се настојува да се пробијат имињата на автори од помладата, а поретко од постарата генерација кои пишуваат за проблемите на современите адолесценти.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЖАНРОТ

Се чини дека најпрвин, треба да се утврди на која возрасна група се однесува оваа литература. Многумина теоретичари пишувале за ова, и се чини дека нема консензус по ова прашање. Секогаш постојат аргументи и контра-аргументи. Сепак, најголемиот број од нив, меѓу кои и Стрикленд се согласуваат околу тврдењето дека терминот „млади“ е кованица која е употребена од Young Adult Library Services Association во текот на шеесетите години од дваесеттиот век, за со него да се опфати литературата посветена на младите на возраст од 12-18 години .[1]

Книжевноста за млади (англ.young adult literature, скратено YAL), е жанр кој во втората половина на дваесеттиот век произлегува од книжевноста за деца, со кој ја дели дидактичката намена, но и проблемот за поблиско одредување на поимот.[2] При ова, се истакнува фактот дека и кај теоретичарите на книжевноста постои дилема во однос на категоризацијата на книжевноста за млади. Така, Alice Trupe во Thematic Guide to Young Adult Literature, укажува дека тоа е и суштинскиот проблем, кој се поврзува со значењето на терминот „адолесцент“.[3] И во однос на поблиското одредување на терминот адолесцент, во науката за литературата постојат различни мислења, кои пред сè, се поврзани со возраста на консументите на оваа литература, па дури и со нивната полова или национална припадност (постојат мислења за постоење на книжевност за момчиња, книжевност за девојчиња, книги за млади со расни или малцински контекст, итн.).[4] Според Розенберг, популарните романи посветени на младите, сè повеќе се застапени на листите за читање во училиштата, а за тоа постои причина. Книжевноста за млади е важна,

---

[1] Преземено од Jacinta Yanders, Seeking infinity: Exploring the meaning and potential of young adult literature, ProQuest LLC, 2014 https://www.academia.edu/8365036/Seeking_Infinity_Exploring_the_Meaning_and_Potential_of_Young_Adult_Literature 01.03.2015 (

[2] Danijela Lj. Petković, Književnost za mlade, adolescencija, fantastika i (subverzivna) didaktika: nekoliko primera, Philologia mediana, 6, 2014, Filozofski fakultet, Univerzitet u Nišu, str.313

[3]Alice Trupe, Thematic Guide to Young Adult Literature, Greenwood Pub Group, 2006 (prezemeno od Danijela Lj. Petković, Književnost za mlade, adolescencija, fantastika i (subverzivna) didaktika: nekoliko primera).

[4] Penina Rosenberg, The Coming of age of Young Adult Literature: Adollescence, Culture and narrative, https://www.academia.edu/5833024/The_Coming-of-Age_of_Young_Adult_Literature_Adolescence_Culture_and_Narrative, 1.03.2015

не само затоа што е со забавен карактер или затоа што е лесна за читање, туку и затоа што им помага на младите полесно да го поминат хаосот на адолесценцијата. Таа ги отсликува нивните искуства и им помага да го пронајдат својот сопствен идентитет.

Воспоставувањето на личниот идентитет претставува најделикатен процес во периодот на растење. Раниот адолесцентски период го карактеризираат внатрешни конфликти, несигурност, стрес и дезориентираност, но и зголемена самосвест. Гледано во целина, комбинацијата на когнитивните, социјалните и психичките проблеми ја прави адолесценцијата критичен период за соочување на поединецот со промените во сопствената личност (Brinthaupt, Lipka 2001:1).[5] Затоа, според Опачиќ, прозата наменета за оваа возраст се занимава токму со противречностите кои произлегуваат од односот меѓу недораснатиот јунак и светот околу него.[6]

Книжевноста за млади долго време имала тешкотии во однос на поставувањето на солидна основа во светот на литературата. Имало, и ќе има многу дебати околу тоа, дали се работи за стандардизиран жанр или категорија која опфаќа повеќе жанрови, како да се дефинира, кои се нејзините одлики, дали кај неа преовладува литературната или педагошката вредност, итн. Овие дебати можеби го попречуваа развојот на книжевноста за млади во минатото, меѓутоа сѐ поголемиот број на популарни романи за млади, укажува на фактот дека книжевноста за млади сѐ уште има шанса за напредок.[7]

Во однос на дефинирањето на книжевноста за млади Мекарти (McCarthy) укажува на тоа дека „не е сигурен дека постои некаква "техничка" дефиниција на истата, туку во основа се работи за литература која се наоѓа меѓу книжевноста за деца и книжевноста за возрасни, која понатаму може да се подели на истите жанрови како и книжевноста за возрасни – романса, паранормално, мистерија, хорор, фикција, со што тој книжевноста за млади не ја разгледува како засебен жанр, туку како категорија која ја сочинуваат текстови кои припаѓаат на различни жанрови, како и сите останати книги“ (cit.op.Doll, “What does young adult mean”).[8]

Brodie, пак, воведува нова дистинкција, во зависност од консументите на литературата, и при тоа, тој потенцира дека книгите за мали деца се разликуваат од книгите за основно образование, кои се разликуваат од книгите за средношколците, а тие, пак, се разликуваат од книгите за возрасните читатели.[9]

Од друга страна, постојат автори како Carlsen, кои акцентот го ставаат на протагонистите и нивното доживување на светот, како и лицето во која е предадена нарацијата. Притоа, Carlsen смета дека во книжевноста за млади, клучен момент е тоа што главни протагонисти се адолесцентите кои најчесто се исправени пред некој проблем и раскажувањето е во прво лице (јас-форма), затоа што на тој начин читателот-адолесцент најдобро може да се поврзе со ликот/протагонист (цит. во VanderStaay, 48).[10] Crowe пак, иако истакнува дека адолесцентите можат да читаат и читаат различни видови текстови, сепак ја редуцира дефиницијата за книжевност за млади на текстови кои се напишани, наменети и читани од младите адолесценти.[11]

Факт е дека постојат голем број на книги кои првично и не биле напишани за младите, а потоа станале бестселери меѓу нив. Токму тој став, како и многу други автори, го подржува и Изабел Холанд, која се противи на категоризацијата на книжевноста за млади според возраста, затоа што тоа го смета како еден

---

[5] Преземено од Зорана Опачић, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.
[6] Зорана Опачић, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.
[7] Jacinta Yanders, Seeking infinity: Exploring the meaning and potential of young adult literature, ProQuest LLC, 2014, p.7 https://www.academia.edu/8365036/Seeking_Infinity_Exploring_the_Meaning_and_Potential_of_Young_Adult_Literature 01.03.2015
[8] Jen Doll, What does young adult mean, The Wire, The Atlantic Monthly Group, 2 March 2015.
[9] Deborah Brodie, Speaking From The Editor’s perspective: Who’s It For?, Journal Of Children’s literature, 30.2, 2004, 37-43, 3 March 2015.
[10] VanderStaay, S. , Young-Adult Literature: A Writer Strikes The Genre, English Journal, 81.4, 1992, 48, 3 March 2015.
[11] Chris Crowe, The problem With YA Literature, English Journal, 90.3, 2001, 146-150, 3 March 2015.

вид на притисок врз младиот човек со кој му се кажува "кој е" или "што е? Овде Холанд го поставува и прашањето за тоа, што ќе се случи доколку младиот човек прочита некоја книга која му била наметната дека е за неговата возраст, а тој востанови дека не може да се пронајде во неа, или пак таа книга не може да ја поврзе со своето искуство?[12] И, на крај, се разбира, има и автори кои сметаат дека книжевноста за млади воопшто не треба да се дели од таа за возрасните, затоа што во денешно време, таа сѐ повеќе обработува широк спектар на теми и проблеми со кои се соочуваат адолесцентите, исто како и возрасните.

И покрај обемниот број на дефиниции кои постојат, се чини дека на ова прашање нема дефинитивен и конечен одговор. Stephens искажува и субјективен став за определбата „млади“ дека таа треба да се однесува на проблемите со кои се соочуваат младите на патот кон барањето на нивниот сопствен идентитет.[13] Токму и Розенблат го фокусира своето внимание врз адолесцентот како читател на овој литературен жанр, поврзувајќи го тоа со потребата на читателот да се внесе во туѓото искуство, да ја почувствува убавината и интензитетот на она што го нуди светот. Сето тоа, Розенблат го поврзува со човековата потреба да се поврзе и идентификува. Токму овде таа ја гледа позитивната страна на адолесцентската книжевност, односно истражувањето на туѓите искуства низ литературата, може директно да помогне во еманципацијата и градењето на самодовербата. Поврзувањето со сличните искуства може да помогне адолесцентот-читател да се чувствува помалку осамен или да му служи како водич, или да му послужи како водич низ неговите сопствени искуства, како и да се istражат меѓучовечките односи, прашања поврзани со моралот или општествени очекувања. [14] Авторот Мајкл Карт го потенцира терапевтското влијание кое го има оваа литература кај адолесцентите, бидејќи таму тие читаат за низа проблеми со кои и самите се соочуваат низ средното образование, одредени семејни конфликти, прашања поврзани со нивниот идентитет, прашања поврзани со насилство, како и прашања поврзани со одредени ментални проблеми.[15]

## 3. ЗАЧЕТОЦИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ

Ако погледнеме station наназад во аналите на македонската литературна историја и се обидеме да ги пронајдеме првите дела кои се посветени на младите, може да се заклучи дека тоа би биле драмските обиди на Јордан Хаџи Константинов Џинот во кои преовладува неговата дидактичко-педагошка функција. „Во нив тој педагогизира, морализира, подучува и критикува. Во првата дијалошка сцена „Разговор или прави човек. Јавление едно“, Џинот преку зборовите упатени до учениците зборува за влијанијата кои врз човекот ги имаат пороците, блудот, лошотилакот, пијанството, мрзливоста, суеверието и за големото значење на добрината, праведноста кои водат кон среќата на секој човек. Во дијалошката сцена „Басна“, преку лагите на двајца денгупци и нивните случки, Џинот ги поучува учениците „да се вардат од лагата, зашто таа е големо зло“.[16] Но, ако размислиме дали овие дијалошки сцени ги задоволуваат критериумите за да можат да се категоризираат во книжевноста за млади, ќе се види дека тие всушност и не ги исполнуваат тие критериуми, зашто едно од основните начела во книжевноста за млади е главниот лик/ликови да бидат адолесценти, раскажувањето да биде во прво лице, во делото да се третираат прашања кои ги засегаат младите, итн. Вистината е дека, овие драмски сцени на Џинот, колку и да биле наменети за учениците (децата/младите), нивната порака истовремено била упатена и до возрасните, односно на децата и младите се гледало како на возрасни. Во секој случај, како што се кажа и претходно, тоа се зачетоците на македонската книжевност за деца и млади каде

---

[12] Isabelle Holand, What Is a Young Adult Literature?, Young Adult Literature: Background and Criticism, Chicago, American Library Association, 1980, p.33-40.
[13] Jonathan Stephens, Young Adult: A book By Any Other Name…: Defining The Genre, Alan Review, 35.1, 34-42, 2007.
[14] Според Abbey J.Fox, Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature, 6, 2010, College of liberal Arts & Social Sciences Theses and dissertations, DePaul University, p.8, 45.( Louise Rozenblatt, Literature as Exploration, New York, NY, D., Appleton Century Company, 1938)
[15] Michael Cart, Young Adult Literature: From Romance to Realism, 2nd ed., Chicago, Harper Collins Publishers, 2010, p.275 (Prezemeno od Emily Colletti, Young Adult Literature "Catching Fire:" Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, p.30.)
[16] Јованка Стојановска-Друговац, Бајка на животот, Култура, Скопје, 2000, стр.26-27.

Џинот од позиција на учител/педагог ги воспитува децата и младите генерации. Оттука, и не е погрешно да се рече дека генезата на македонската книжевност за млади е во драмските сцени на Џинот.

## 4. **СОВРЕМЕНИ СОСТОЈБИ**

Што се однесува до современата македонска книжевност за деца, како автори кои се занимаваат претежно со пишување литература наменета за адолесцентите, се издвојуваат имињата на Глигор Поповски („Бојан"), Борис Бојаџиски, Славко Јаневски („Улица"), Видое Подгорец („Белото циганче"), Јован Стрезовски („Синови") и други кои припаѓаат на првата повоена генерација македонски автори. Тука се и делата на Оливера Николова- „Мојот звук", Томе Арсовски, Весна Ацевска, Велко Неделковски и многу други.

На пример, во романот „Бојан", главниот протагонист се бори да се сочува себеси и стадото кои му се доверени во суровите услови на планината и така да си докаже себеси, но и на своите најблиски дека е дораснат на тоа искушение. Оваа книга кај младите читатели/адолесценти, со својата порака, може да влијае само во позитивна смисла

Во „Улица", групата млади момчиња, чие главно пребивалиште е улицата, го бараат своето место. Главниот јунак, Јане не може да се пронајде и да најде заеднички збор со никој во семејството, зашто таму владеело сивило и монотонија. Преку описот на само еден ден, тој го опишува целото свое детство каде сите останати денови биле идентични едни на други. Сиви и досадни. Ништо не се случувало и како да застанало самото време. Тоа нему не му се допаѓа сака нешто повеќе, не прифаќа монотонија. И тој опишан ден во самиот роман тој го доживува многу лошо, бидејќи и покрај присуството на дел од неговите домашни тој бил игнориран, никој ништо не му зборувал и само се сопнувале од него. Тој едноставно се чувствува невидлив, незабележлив, исто како да не постои и тоа не му се допаѓа. Затоа тој има само уште две можности каде што може да се докаже, а тоа се училиштето и улицата. На него преостанува да реши за што ќе се определи. Значи неговото незадоволство и желбата за нешто ново и поинакво го тера постојано да истражува сѐ додека не го пронајде она вистинското. Во наредната фаза тој смета дека спас може да најде во училиштето. Во продолжение е опишано и училиштето кое е претставено како многу здодевно, а професорите во него се анегдотски па дури и карикатурно прикажани и опишани, бидејќи сите се здодевни, бавни, неинтересни, а во исто време премногу строги. Тој чувствува дека се недопирливи. Не може да очекува од нив одреден совет. Тој дури одредени професори по одредени предмети ги исмејува и се чувствува разочарано бидејќи и ова место е непогодно за изградување на неговата личност. Значи преостанува само улицата. Тука дефилираат само негативни ликови кои се на работ на егзистенцијата, злото и на ужасното. Јане влегува во неколку опишани мрачни случки заедно со уличната банда, но и тогаш сфаќа дека за него приоритет е книгата. Тоа е неговото главно орудие. Желбата да доживее нешто несекојдневно е неговиот единствен мотив за ваквиот живот и не е социјално обусловен(за разлика од другите ликови). При учеството во акциите, тој постојано е свесен за границата меѓу доброто и злото. Тој по извршеното дело секогаш се чувствува лошо, изиграно, наместено и наместо исполнето и авантуристички како што очекува на почетокот, тој е разочаран. Тој се кали на улицата, но никогаш вистински не ѝ припаѓа. На крај, сфаќа дека тоа не е неговиот простор за живот и затоа го напушта. По сѐ изгледа, Јане осознава некои работи и созрева, а со тоа изградува и свој идентитет.

Во „Белото Циганче" Таруно Мулон, како бебе, одеднаш е искорнат од средината која ја познавал како своја, и фрлен во нова средина. Долго време ја чувствувал таа средина како своја, сѐ додека не почине неговиот заштитник-Баба Мулон. Така, се наоѓа како на беспаќе, и не се чувствува припадник на ниту една средина, па како во митските приказни, започнува една своја одисеја, и потрага по сопствениот идентитет, кој, за среќа, на крај го открива.

И романот романот „Бубреже" од Ката Мисиркова-Руменова третира современи социо-општествени, културни и морални прашања од денешницата, а кои се реперкуираат врз современото семејство, предизвикувајќи губење на работа, беспарица, штрајкови, разводи, дрога итн. Главниот лик, девојката Елена никаде не може да го најде својот мир, ни дома, ни во врската со Војдан. Единствено место каде се чувствува како своја и далеку од сѐ, е тениското игралиште на кое младите се дружат и рекреираат. Третирајќи вакви современи теми, авторот ги пласира предупредувачките тонови до општеството за

правецот во кој се движи развојот на младата личност, препуштена на денгубење, а единствен спас од тоа е активноста, спортот.

Она што го издвојува творештвото на Горјан Петревски од творештвото на останатите современи македонски автори за млади, е неговата преокупираност со животот на младите, адолесцентите. Овде се опфатени неколку романи од споменатиот автор, кои зборуваат за животот на младите во урбаните средини, се внурнуваат во психолошките лавиринти на адолесцентите и сето тоа преку еден современ дијалог, обоен со младешки жаргон, чиј хумор доминира над драматичните дилеми и порази со својата младешка виталност. Книгите што ги пишува Горјан Петревски се всушност книги кои се занимаваат со животот воопшто, зашто темите на преокупација на овој ретко надарен автор, се мотиви од секојдневието на младите, но секогаш во спрега на возрасните. На крајот од краиштата, тоа е и животот во кој мостот меѓу младите и возрасните е заеднички и неизбежен. Токму затоа книгите на Горјан Петревски ѝ се допаѓаат не само на младата, туку и на возрасната читателска публика.

Без да навлегуваме во подетална анализа на современата состојба на македонската адолесцентска литература, слободно може да се каже дека македонските автори сè повеќе и обрнуваат внимание на адолесцентската литература, третирајќи современи теми и со еден посовремен, активен однос пристапуваат кон проблемите на младите.

## 5. ЛИТЕРАТУРА


[1] J.Fox, Girls coming of age: possibilites and potentials within young adult literature, 6, 2010, College of liberal Arts & Social Sciences Theses and dissertations, DePaul University, p.8, 45. (Louise Rozenblatt, Literature as Exploration, New York, NY, D., Appleton Century Company, 1938)

[2] Trupe, Thematic Guide to Young Adult Literature, Greenwood Pub Group, 2006 (prezemeno od Danijela Lj. Petković, Književnost za mlade, adolescencija, fantastika i (subverzivna) didaktika: nekoliko primera).

[3] Crowe, The problem With YA Literature, English Journal, 90.3, 2001, 146-150, 3 March 2015.

[4] Brodie, Speaking From The Editor’s perspective: Who’s It For?, Journal Of Children’s literature, 30.2, 2004, 37-43, 3 March 2015.

[5] Lj. Petković, Književnost za mlade, adolescencija, fantastika i (subverzivna) didaktika: nekoliko primera, Philologia mediana, 6, Filozofski fakultet, Univerzitet u Nišu, p.313, 2014.

[6] Holand, What Is a Young Adult Literature?, Young Adult Literature: Background and Criticism, Chicago, American Library Association, 1980, p.33-40.

[7] J. Doll, What does young adult mean, The Wire, The Atlantic Monthly Group, 2 March 2015.

[8] J. Stephens, Young Adult: A book By Any Other Name…: Defining The Genre, Alan Review, 35.1, 34-42, 2007.

[9] J. Yanders, Seeking infinity: Exploring the meaning and potential of young adult literature, ProQuest LLC, 2014 https://www.academia.edu/8365036/Seeking_Infinity_Exploring_the_Meaning_and_Potential_of_Young_Adult_Literature 01.03.2015

[10] M. Cart, Young Adult Literature: From Romance to Realism, 2nd ed., Chicago, Harper Collins Publishers, 2010, p.275 (Prezemeno od Emily Colletti, Young Adult Literature "Catching Fire:" Classroom Implications for Secondary Schools, Eastern Michigan University, 2014, p.30.)

[11] P. Rosenberg, The Coming of age of Young Adult Literature: Adollescence, Culture and narrative, https://www.academia.edu/5833024/The_Coming-of-Age_of_Young_Adult_Literature_Adolescence_Culture_and_Narrative, 1.03.2015

[12] S. K. Goyal, An integrated inventory model for a single supplier-single customer problem, International Journal of Production Research, vol.15, pp. 107-111, 1977.

[13] S. VanderStaay, Young-Adult Literature: A Writer Strikes The Genre, English Journal, 81.4, 1992, 48, 3 March 2015.

[14] З. Опачић, Проблематизовани идентитет у роману „Будале и смарачи“ Улфа Старка, Детињство, 2, 2011, Нови Сад, 18.

[15] Ј. С. Друговац, Бајка на животот, Култура, Скопје, стр.26-27, 2000.